Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Козле  26А, Скопје

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

**Предмет: Соопштение до јавноста**
Реализирање на вело настани
**Памп трек**: 17 ти мај, 2024 Олимписки Базен ( 18:00-21:00 часот)
**Вело Родео:** 18 ти мај, 2024 Градски Парк, Скопје  (10:00-15:00 часот)

---

Почитувани,

**Здружението на граѓани Еко Логик** е непрофитна организација која е посветена на заштита и унапредување на животната средина, промоција на современи еколошки практики, како и следење и промовирање на принципот на одржлив развој.

Додека пак, основна цел на **Здружение на граѓани Вело Училишта** е застапување и лобирање за унапредување на легислативата, подигнување на јавната свест во областа на оддржлив транспорт, поддобрување на квалитетот во образованието, безбедноста во сообраќајот и велосипедизмот.
Повеќе информации може да видите на следните линкови:
https://ecologic.mk/
https://veloschools.mk/

Здружение на граѓани Еко Логик и Здружение Вело Училишта, ќе реализира два омилени вело настани за децата и родителите.

Во петок, на **17-ти мај, на Памп трек, кај Олимписки Базен, Скопје од 18:00-21:00** часот ќе реализира возење на памп полигон кое ќе вклучува трка и изведба на трикови за деца и за млади.



Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Козле 26А, Скопје

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

За храбрите девојки и момчиња кои повеќе сакаат да прават трикови, скокови или едноставно го сакаат адреналинот на две тркала, ќе има натпревари од типот на:

1 на 1
Бани Хоп
Џемање

Дополнително настанот ќе биде збогатен со забава со DJ Drazi Drags, парични награди, велосипедски награди ( резервни гуми, дуксери, пакетчиња за поправка на велосипеди итн.) и други изненадувања.

*The bravest are the winners*

**На 18-ти мај 2024 (сабота) Градски Парк, Скопје (10:00-15:00 часот**) ќе биде реализиран "Вело Родео" настан кој е од отворен карактер и има за цел промовирање на велосипедизам, со акцент на унапредување на постоечките и стекнување со нови вештини кај деца и млади. Главен фокус на настанот е насочен кон веќе препознатливиот вело полигон, кој постојано се надополнува и надоградува од страна на експерти во оваа област, а во согласност со барањата и потребите на самите учесници – децата и младите.
Вело трка, бавна трка, баланс трка, правење еко експерименти, едукативни игри, ликовни работилници, лего активности, музика, читање книги, играње извиднички игри, многу забава, смеа и убав ден поминат во Градскиот парк.




Што е потребно за да се учествува на Вело трката?
За Вело трката потребно е децата да имаат свој велосипед и задолжителна опрема кацига
*Учесниците без кацига нема да имаат можност да учествуваат на трките поради безбедносни причини/

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Козле 26А, Скопје

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

За сите останатати активности потребно е само да дојдете со вашите деца и да уживате заедно на Вело Родео 2024.

*Настанот е дел од Re-Cycling проектот, ко-финансиран од Европска Унија*

Ве очекуваме во голем број.

*Повеќе информации за изминатите вело родео настани, може да погледнете на следниот*

*линк:*

*https://veloschools.mk/portfolio-velo-rodeo-2015-2014/*

Вело поздрав,

Александра Костовска

+389 75 248 609

+389 77 560 382